# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО „АНТИЧКА АРХЕОЛОГИЈА (ГРЧКА И РИМСКА АРХИТЕКТУРА) - ПРАКТИКУМ" ОД ДОЦ. Д-Р ТРАЈЧЕ НАЦЕВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.1602-37/4 од Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 28.1.2015 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Драги Митревски, редовен професор, Институт за историја на уметноста со археологија, Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје;
– проф. д-р Марјан Јованов, вонреден професор, Институт за историја на уметноста со археологија, Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје.

Рецензентската комисија имаше за задача да изготви извештај - рецензија на приложениот ракопис **„Античка археологија (грчка и римска архитектура) - практикум"** од **доц. д-р Трајче Нацев** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Општи податоци за ракописот***

Материјалот на ракописот со наслов **„Античка археологија (грчка и римска архитектура) - практикум"** од авторот **доц. д-р Трајче Нацев** е потполно компатибилен со Наставниот план и содржините на предметот Античка археологија, кој според Студиската програма на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" Штип се изучува како задолжителен предмет на студиската насока Археологија во трети семестар со фонд на часови (3+2+2) и се вреднува со 8 кредити и истиот ќе се користи за предметите Класични цивилизации и Историја на уметноста.

Ракописот е наменет како основна литература во изучувањето на наставните содржини по горенаведените предмети. Наставните содржини се презентирани јасно и концизно со соодветни примери кои овозможуваат полесно разбирање и усвојување на метеријата.

***Податоци за обемот ракописот***

Ракописот е напишан на македонски јазик во А4 формат, фонт Times New Roman; големина на буквите на насловите е 14, а на содржините 12. Текстот содржи 81 страница и е подготвен според пропишаната Наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите во рамките на овој предмет. Практикумот содржи 14 поглавја, со литература.

***Податоци за постоење на сличен или ист наслов***

Практикумот претставува квалитетен труд кој ќе им помогне на студентите - идни археолози полесно да го совладаат материјалот, а воедно и да ги надградат своите знаења од оваа област. Ваков тип на практикум од областа на античката археологија за првпат се објавува кај нас и заради тоа го прави значаен за студентите од археологија.

***Краток опис на содржината***

Структурата на трудот која е во еден дел содржи четиринаесет тематски целини и библиографија. Во првата тематска целина е дадена предметна програма Античка археологија (грчка и римска архитектура), додека во втората прашања од хронологијата со која може полесно да се сфатат периодите кои ги содржи овој практикум.

Описот на материјалната и духовната култура на древните Грци преку трите извори: спомениците, копиите и пишаните извори низ античкиот период е даден во прашањата во втората тематска целина.

Со прашањата за воведот во класичната архитектура во третата тематска целина се врши запознавање со архитектурниот ред (стил), неговите елементи, антаблемата, како и прилогот кон архитектурните стилови.

Од четврата до седната тематска целина се истакнати прашања чиишто одговори ги опишуваат стиловите во грчката архитектура. Наведени се дорскиот, јонскиот и коринтскиот стил со нивните елементи и антаблеми.

Религијата кај Грците играла многу важна улога во општествениот живот, па поради тоа и храмовите се главни споменици. Покрај храмовите и другите религиозни споменици, исто така, и другите архитектонски споменици заземаат значајно место: театрите, одеоните, градбите за гимнастички вежби и приредби (стадиони, хиподроми, гимназиони, палестри), плоштади, стоа, булатериони, библиотеки и други се дадени во одговорите на прашања кои ги содржи осмата тематска целина.

Во деветтата тематска целина прашањата се од развојот на римската архитектура, кој е сврзан со влијанијата на архитектурата на древна Грција. Класичниот карактер на стилот во Грција е поврзан со храмовите. Разидувањето на традициите настапува уште пред хеленизмот, кога стиловите во архитектурата се применуваат и кај општествените згради. Во Рим примента на архитектурните стилови невообичаено за грчката архитектура многу брзо се рашируваат. Формата на римската архитектура ја определуваат згради и комплекси, кои пред сè имаат јавен карактер: театрите и амфитеатрите, форумите, термите, триумфалните арки и други.

Со прифаќањето на грчката и етрурската архитектура, римската архитектура ги прифатила и стиловите, кои таа ги приспособила на своите потреби. Овие нови формирани стилови во римската архитектура биле значително изменети од оригиналните по пропорциите, по изработката на елементите и по украсите. Во римската архитектура се појавуваат четири стила и една варијанта: римско-дорски стил со варијанта римско-тоскански стил, римско-јонски стил, римско-коринтски стил и композитен стил чии одговори на прашањата ни даваат опис се дадени од десеттата до тринаесеттата тематска целина.

Во последната тематска целина се прашањата за профани градби со голем број на различни споменици, каде што се развива римската архитектура и преку нив се одбележува развојот на културата, која ја постигнале Римјаните во текот на историјата.

Користената литература има обем од 21 библиографска единица.

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на изложеното може да се заклучи дека приложениот ракопис за **практикум** по предметот Античка археологија на мошне јасен и едноставен јазик ги обработува, дополнува и збогатува предметните содржини и е потполно во согласност со студиската програма и наставниот план на Факултетот за образовни науки. Практикумот е особено важен и неопходен за студентите од студиската програма Археологија за полесно практично совладување на наставните содржини по наведениот предмет.

Согласно со ова, на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки со задоволство го препорачуваме ракописот **„Античка археологија (грчка и римска архитектура) - практикум"** од **доц. д-р Трајче Нацев** да го прифати како рецензиран практикум во електронска форма.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
**Проф.д-р Драги Митревски, с.р. Институт за историја на уметноста со археологија,Филозофски факултет,Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје**
**Проф. д-р Марјан Јованов, с.р.Институт за историја на уметноста со археологија,Филозофски факултет,Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје**